# Дневна хемеротека за 09.06.2015г.

## МИА - Втора меѓународна конференција за климатски промени

ВТОРНИК, 09 ЈУНИ 2015, 09:50:15

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

**Втора меѓународна конференција за климатски промени**

Препорачај 0

понеделник, 08 јуни 2015 14:00



**Охрид, 8 јуни 2015 (МИА)** – Решавање на проблемите предизвикани од климатските промени и размена на најдобрите практики меѓу претставници на граѓански организации и општини од Југоисточна Европа. Тоа е целта на втората меѓународна конференција за климатски промени што од денеска до 10 јуни се одржува во Охрид во организација на здружението за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија, преку проектот на УСАИД за општински стратегии за климатски промени.

Конференцијата, според ресорниот министер Нурхан Изаири, се организира во вистинско време, во услови кога сеуште се справуваме со еколошките, социјалните и економските последици предизвикани од неодамнешните временски непогоди кои ги зафатија Македонија и регионот.

- Размената на искуства и знаења со меѓународни активисти, експерти и практичари од областа на адаптација и митигацијата кон климатските промени, со експерти за одржлив развој и со граѓански организации од државата и од регионот, кои работат на полето на животната средина и одржлив развој е од особено значење за унапредување на активностите во оваа област, истакна Изаири.

Министерството за животна средина и просторно планирање, посочи, во функција на национален координатор за климатски промени дејствува во повеќе правци. - Во соработка со програмата за развој на ОН веќе 15 години работиме на изработка на неопходни стратешки документи за климатски промени, кои ни овозможуваат успешно реализирање активности што произлегуваат од обврските од членството на Рамковната конвенција на ОН за климатски промени и Протоколот од Кјото, рече Изаири.

Предизвикот со климатските промени, како што нагласи американскиот амбасадор во Република Македонија Џес Бејли, е глобален, но чекорите што ги преземаме не прават дел од решенијата. - Низ целиот свет, САД гради отпорност против климатските промени и го ублажува нивното влијание. Во Македонија се занимаваме со тоа преку повеќе проекти. Сакаме да биде полесно да се вложува во обновлива енергија, да им помагаме на фирмите подобро да раководат со потрошувачката на енергија и да ја намалат емисијата на јаглеродни гасови. Им помагаме на фармерите и земјоделските здруженија подобро да ги разберат влијанијата на климатските промени и како да ги штитат своите инвестиции, истакна Бејли во обраќање на отворањето на конференцијата.

Според него, САД преземале историски чекори да ги намалат емисиите на штетни гасови. - Во март најавивме намалување на емисиите од 26 до 28 отсто, до ниво пред 2005 година. Имаме тројно повеќе струја од ветер и над 20 пати повеќе соларна енергија. Имаме сериозни стандарди за економичност и за 20 години ќе се удвои економичноста на автомобилите. Имаме строги стандарди за штедење енергија кај апаратите во домаќинството, рече Бејли.

Директорот на Милиеуконтакт Игор Славкоски смета дека ефективна акција за намалување на овој глобален проблем претставува и преземањето индивидуална одговорност и делувањето локално. Преку проектот на УСАИД за општински стратегии за климатски промени, тој информира дека се вклучени 10 општини во Македонија. - Во четири општини, Теарце, Богданци, Пехчево и Кривогаштани развиена е консензуална стратегија и акциски план за справување со климатските промени и ублажување на ефектите предизвикани од нив. Во тек е процесот на изработка на стратегии на уште четири општини, Боговиње, Маврово – Ростуша, Виница и Студеничани, а денеска на проектот ќе се приклучат и оптшините Прилеп и Делчево, информира Славкоски. Имплементацијата на проектот, појасни тој, овозможува зголемување на општинските капацитети за прилагодување кон климатските промени.

Пехчево, според градоначалникот Игор Поповски, е првата општина во Македонија која подготвила и веќе спроведува стратегија за климатски промени. - Имаме план и водич како да се справиме со дадените климатски промени во нашата општина. Некои активности ги завршивме, некои се уште ги реализираме, а други допрва ќе треба да ги реализираме. Конкретно, ставивме термофасади на неколку институции, сменивме термостатски вентили во институции, во Домот на културата поставивме парно греење, ги сменивме сите улични светилки со штедливи. Предвидуваме и други активности како регулирање на речните корита. Во селата имаме доста проблеми со поплавите кои ги регулираме еден по еден, изјави Поповски.

САД преку проектот на УСАИД за подготовка на општински стратегии за справување со климатскит епромени, ќе инвестира 3.080.000 долари за различни активности во избраните општини. сс/лв/**13:56**

# OhridNews - *Конференција за климатските промени во Охрид: Само загрижени граѓани можат да иницираат промени за спас на животната ...*

OHRIDNEWS.com
информирај се

## Конференција за климатските промени во Охрид: Само загрижени граѓани можат да иницираат промени за спас на животната средина

Вести | Охрид | 08.06.2015 14:35 Посети : 375

Треба да сме свесни за негативните последици од климатските промени и за потребата од глобална акција за намалување на емисијата на штетни гасови во атмосферата, без што борбата за спас на планетата Земја, а со тоа и на животната средина не може да успее. Ова меѓу другото беше истакнато на втората конференција за климатски промени, што во организација на Милиеуконтакт Македонија и УСАИД, денеска и утре се одржува во Охрид.



Оваа конференција се одржува во специфичен момент кога светските лидери се подготвуваат за конференцијата во Париз која ќе се одржи подоцна оваа година, на која треба да се дефинира глобалната стратегија за климатските промени и акциите кои треба да се преземат во тој правец, истакна амбасадорот на САД во Македонија Џес Бејли. Во тој контекст, смета Бејли, улогата на општините е клучна, затоа што, како што посочи, потребна е акција да се изработи добра стратегија, но и практични решенија за справување со климатските промени од сите.

**-Потребна е политичка волја за справување со климатските промени. САД ќе ги поддржат општините во Македонија, како и напорите кои светот ги презема за справување со климатските промени. Заедно со Кина работиме на агендата за справување со климатските промени, но постои еден факт дека и доколку Кина и САД ги намалат емисиите на штетните гасови во атмосферата на нула, нема да запрат климатските промени, потребно е сите да го направат тоа.**- рече амбасадорот Бејли.

Тој посочи дека 60 проценти од емисијата на штетни гасови денес доаѓа од земјите во развој и затоа мора сите заедно да се справат со овој глобален проблем, а не да се обвинуваме кој е виновен за климатските промени.

**-Промените започнуваат со големи стратегии, но и со стратегии на секоја една општина, почнуваат со загрижени граѓани кои ќе побараат од своите лидери да преземат акција**.-додаде Бејли.



Министерот за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, Нурхан Изаири, истакна дека заклучоците од конференцијата во Охрид ќе дадат насоки кои ќе бидат вградени во идните стратегии за климатски промени.

**-Општините треба да да се вклучат во процесот на изработка на стратегии за климатски промени, така што стратегијата од централно се спушта на локално ниво и нивниот придонес е многу значаен.**- рече Изаири.




Според градоначалникот на Охрид Никола Бакрачески, Охрид како град со заштитено природно и културно наследство од УНЕСКО, има обврска да ги прилагодува своите политики на климатските промени и во своите програми за работа да ги инкорпорира сите активности кои значат справување со климатските промени и ублажување на негативните последици од нив.

Во тој контекст, посочи Бакрачески, се размислува за решенија кои би придонеле за намалување на емисијата на штетни гасови во атмосферата.

**-Ги имаме предвид можностите за намалување на емисијата на штетни гасови, во тој контекст и за замена на моторите кои се користат во водниот сообраќај, но и на возилата на копно, коишто најчесто се во согласност со европската легистлатива. Ќе продолжиме во иднина да партиципираме во сите насоки кои ќе значат заштита на животната средина и намалување на емисијата на јаглерод диоксид во атмосферата.**-изјави Бакречески.



На конференцијата во Охрид учествуваат над 100 претставници на граѓански асоцијации, општини и експерти од Југоисточна Европа, САД и Холандија, како и на УНДП, УНЕП, УНЕСКО и други диполоматски мисии во Македонија. Конференцијата треба да ги охрабри напорите за справување со климатските промени, чии последици се поизразено се чувствуваат и во земјата.

Во Македонија со финансиска помош на УСАИД и владата на САД до сега осум општини изработија стратегија за климатски промени: Пехчево, Теарце, Богданци, Кривогаштани, Маврово/Ростуше, Боговиње, Студеничани и Виница, на кои од денеска ќе им се придружат општините Прилеп и Делчево.

## МРТ- *Втора меѓународна конференција за климатски промени*

МРТ

# Втора меѓународна конференција за климатски промени

08.06.2015 14:17

**Република Македонија, како дел од меѓународната заедница вложува напори за парафирање успешен договор за климатските промени во Париз на крајот од годинава...**

Share 0 Ми се допаѓа 0 Tweet 0



Во Охрид се одржува втората Меѓународна конференција за климатски промени. „Сметам дека се организира во вистинско време, во услови кога се уште се справуваме со еколошките, социјалните и економските последици предизвикани од неодамнешните екстремни временски непогоди кои ја зафатија не само Македонија, туку и регионот во целина“, рече на отворањето министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири.

Република Македонија, како дел од меѓународната заедница вложува напори за парафирање успешен договор за климатските промени во Париз на крајот од годинава.

Конференцијата е во организација на Милиеуконтакт Македонија, во рамките на проектот на УСАИД за општински стратегии за климатските промени.

Овој проект овозможува креирање локални стратегии за климатските промени во 10 општини во државава, со што Националната агенда се преточува во локални акции.

---

## Порта 3 - *Меѓународна конференција за климатски промени во Охрид*

Решавање на проблемите предизвикани од климатските промени и размена на најдобрите практики меѓу претставници на граѓански организации и општини од Југоисточна Европа. Тоа е целта на втората меѓународна конференција за климатски промени што од ...

## Точка - *Меѓународна соработка за справување со последиците од климатските промени*

На Втората меѓународна конференција за климатски промени во Охрид, во следните два дена ќе се разговара за за размена на искуства и знаења со меѓународни активисти, експерти и практичари од областа на адаптацијата и митигацијата кон климатските ...

## Макфакс - *Меѓународна соработка за справување со последиците од климатските промени*

На Втората меѓународна конференција за климатски промени во Охрид, во следните два дена ќе се разговара за за размена на искуства и знаења со меѓународни активисти, експерти и практичари од областа на адаптацијата и митигацијата кон климатските ...

## Глас на Америка - *Конференција за климатски промени на УСАИД во Охрид*

Предизвикот е глобален, но чекорите на локалните заедниците ги прават решенијата, вели амбасадорот на САД во Македонија Џес Бејли Охрид е домаќин на Втората Меѓународна конференција за климатски промени, во организација на Проектот на УСАИД за ...

## Репортер - *(ГАЛЕРИЈА) Охрид домаќин на втората меѓународна конференција за климатски промени*

Климатските промени се најзначајниот предизвик со кој се соочува човештвото во 21 – от век, затоа на национално и локално ниво мора да бидеме подготвени и да се прилагодуваме на промените, ова беше истакнато на втората по ред меѓународна конференција ...

## МКД - *Граѓаните бараат од лидерите грижа за животната средина*

Наместо обвинувања, потребна е итна акција за спас на земјата од климатските промени, согласни се учесниците на средбата во Охрид, на која над сто експерти и претставници на граѓанскиот сектор, како и претставници од Југоисточна Европа, САД и ...

# MIA- *Konferenca e dytë ndërkombëtare për ndryshime klimatike*

E MARTË, 09 QERSHOR 2015, 09:55:58

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

## Konferenca e dytë ndërkombëtare për ndryshime klimatike

Препорачај 0

E hënë, 08 Qershor 2015 14:42



**Ohër, 8 qershor 2015 (MIA)** - Zgjidhja e problemeve të shkaktuara nga ndryshimet klimatike dhe këmbimi i praktikave më të mira midis përfaqësuesve të organizatave civile dhe komunave nga Evropa Juglindore. Ky është qëllimi i konferencës së dytë ndërkombëtare për ndryshime klimatike që prej sot e deri më 10 qershor mbahet në Ohër në organizim të Shoqatës për zhvillim të qëndruehsëm Milieukontakt Maqedoni, përmes projektit të USAID-it për strategji komunale për ndryshime klimatike.

Konferenca, sioas ministrit resor Nurhan Izairi, organizohet në kohë të vërtetë, në kushte kur ende ballafaqohemi me pasojat sociale dhe ekonomike të shkaktuara nga fatkeqësitë e paradokohshme nga moti të cilët e përfshinë Maqedoninë dhe rajonin.

"Këmbim i i përvojave dhe diturive me aktivistë, ekspertë dhe praktikantë ndërkombëtarë nga sfera e adaptimit dhe mitigimit ndaj ndryshimeve klimatike, me ekspertë për zhvillim të qëndruehsëm dhe me organizata civile ngta shteti dhe rajoni, të cilët punojnë në sferën e mjedisit mjetësor dhe zhvillimi i qëndruehsëm është me rëndësi të posaçme për avancim të aktiviteteve në këtë sferë", theksoi Izairi.

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, theksoi, në funksion të koordinatorit kombëtar për ndryshime klimatike vepron në më shumë drejtime. "Në bashkëpunim me programin për zhvillim të KB-së tashmë 15 vite punojmë në përpunimin e dokumenteve të domosdoshme strategjike për ndryshime klimatike të cilët na mundësojnë    realizim të suksesshëm të aktiviteteve që dalin nga obligimet nga anëtarësim i në Konventën kornizë të KB-së për ndryshime klimatike dhe Protokolin nga Kjoto", tha Izairi.

Sfidat me ndryshimet klimatike, siç theksoi ambasadori amerikan në Republikën e Maqedonisë Xhes Bejli, është global, por hapat që i ndërmarrim na bëjnë pjesë e zgjidhjeve. "Nëpër gjithë botën, SHBA-ja ndërton rezistencë kundër ndryshimeve klimatike dhe e zbut ndikimin e tyre. Në Maqedoni merremi me këtë përmes më shumë projekteve. Dëshirojmë që të jetë më lehtë që të investohet në energji ripërtëriríse, t'u ndihmojmë firmave që më mirë të udhëheqin me konsumin e energjisë dhe ta zvogëlojnë emisionin e gazrave të karbonit. U ndihmojmë fermerëve dhe shoqatave bujqësore më mirë t'i kuptojnë ndikimet e ndryshimeve klimatike dhe se si t'i mbrojnë investimet  e tyre", theksoi Bejli në fjalimin në hapjen e konferencës.

Sipas  tij, SHBA-ja ka ndërmarrë hapa historik që t'i zvogëlojnë emisionet e gazrave të dëmshme. "Në mars paralajmëruam zvogëlim të emisioneve nga 26 deri në 28 për qind, deri në nivel para vitit 2005. Kemi trefish më shumë energji nga era dhe mbi 20 herë më shumë energji solare. Kemi standarde serioze për kursim dhe për 20 vite  do të ndahet kursimi i automobilave. Kemi standarde të ashpra për kursim të energjisë tek aparatet në amvisëri", tha Bejli.

Drejtori i Mulieukontakt Igor Sllavkovski konsideron se aksioni efektiv për ulje të këtij problemi global paraqet edhe ndërmarrja e përgjegjësisë individuale dh veprimi lokalisht. Përmes projektit të USAID-it për strategji komunale për ndryshime klimatike, ai in formoi se janë të kyçura 10 komuna në Maqedoni. "Në Katër komuna, Tearcë, Bogdanc, Pehçevë dhe Krivogashtan është zhvilluar strategji konsensuale dhe plan aksional për ballafaqim me ndryshimet klimatike dhe zbutje të efekteve të shkaktuara nga to. Në vijim është procesi i përpunimit të strategjive të edhe katër komunave, Bogovinë, Mavrovë-Rostushë, Vinicë dhe Studeniçan, ndërsa sot projektit do t'i bashkangjiten edhe komunat Prilep dhe Dellçevë", informoi Sllavkovski. Implementimi i projektit, shpjegoi ai, mundëson rritje të kapacitetev e komunale për aftësim ndaj ndryshimeve klimatike.

SHBA-ja përmes projektit të USAID-it për përgatitje të strategjive komunale për ballafaqim me ndryshimet klimatike, do të investojë 3.080.000 dollarë për aktivitete të ndryshme në komunat e zgjedhura.**ff/hr/14:33**

## Idividi - *Konferenca e dytë ndërkombëtare për ndryshime klimatike*

IDIVIDI.COM.MK

# Konferenca e dytë ndërkombëtare për ndryshime klimatike

g+1 0 Tweet 0 Më pëlqen Shpërndaje 0

Ohër, 8 qershor 2015 (MIA) - Zgjidhja e problemeve të shkaktuara nga ndryshimet klimatike dhe këmbimi i praktikave më të mira midis përfaqësuesve të organizatave civile dhe komunave nga Evropa Juglindore. Ky është qëllimi i konferencës së dytë ndërkombëtare për ndryshime klimatike që prej sot e deri më 10 qershor mbahet në Ohër në organizim të Shoqatës për zhvillim të qëndrueshëm Milieukontakt Maqedoni, përmes projektit të USAID-it për strategji komunale për ndryshime klimatike.

Konferenca, sioas ministrit resor Nurhan Izairi, organizohet në kohë të vërtetë, në kushte kur ende ballafaqohemi me pasojat sociale dhe ekonomike të shkaktuara nga fatkeqësitë e paradokohshme nga moti të cilët e përfshinë Maqedoninë dhe rajonin.

"Këmbim i i përvojave dhe diturive me aktivistë, ekspertë dhe praktikantë ndërkombëtarë nga sfera e adaptimit dhe mitigimit ndaj ndryshimeve klimatike, me ekspertë për zhvillim të qëndruehsëm dhe me organizata civile ngta shteti dhe rajoni, të cilët punojnë në sferën e mjedisit mjetësor dhe zhvillimi i qëndruehsëm është me rëndësi të posaçme për avancim të aktiviteteve në këtë sferë", theksoi Izairi.

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, theksoi, në funksion të koordinatorit kombëtar për ndryshime klimatike vepron në më shumë drejtime. "Në bashkëpunim me programin për zhvillim të KB-së tashmë 15 vite punojmë në përpunimin e dokumenteve të domosdoshme strategjike për ndryshime klimatike të cilët na mundësojnë realizim të suksesshëm të aktiviteteve që dalin nga obligimet nga anëtarësim i në Konventën kornizë të KB-së për ndryshime klimatike dhe Protokolin nga Kjoto", tha Izairi.

Sfidat me ndryshimet klimatike, siç theksoi ambasadori amerikan në Republikën e Maqedonisë Xhes Bejli, është global, por hapat që i ndërmarrim na bëjnë pjesë e zgjidhjeve. "Nëpër gjithë botën, SHBA-ja ndërton rezistencë kundër ndryshimeve klimatike dhe e zbut ndikimin e tyre. Në Maqedoni merremi me këtë përmes më shumë projekteve. Dëshirojmë që të jetë më lehtë që të investohet në energji ripërtëritëse, t'u ndihmojmë firmave që më mirë të udhëheqin me konsumin e energjisë dhe ta zvogëlojnë emisionin e gazrave të karbonit. U ndihmojmë fermerëve dhe shoqatave bujqësore më mirë t'i kuptojnë ndikimet e ndryshimeve klimatike dhe se si t'i mbrojnë investimet  e tyre", theksoi Bejli në fjalimin në hapjen e konferencës.

Sipas  tij, SHBA-ja ka ndërmarrë hapa historik që t'i zvogëlojnë emisionet e gazrave të dëmshme. "Në mars paralajmëruam zvogëlim të emisioneve nga 26 deri në 28 për qind, deri në nivel para vitit 2005. Kemi trefish më shumë energji nga era dhe mbi 20 herë më shumë energji solare. Kemi standarde serioze për kursim dhe për 20 vite  do të ndahet kursimi i automobilave. Kemi standarde të ashpra për kursim të energjisë tek aparatet në amvisëri", tha Bejli.

Drejtori i Mulieukontakt Igor Sllavkovski konsideron se aksioni efektiv për ulje të këtij problemi global paraqet edhe ndërmarrja e përgjegjësisë individuale dh veprimi lokalisht. Përmes projektit të USAID-it për strategji komunale për ndryshime klimatike, ai in formoi se janë të kyçura 10 komuna në Maqedoni. "Në Katër komuna, Tearcë, Bogdanc, Pehçevë dhe Krivogashtan është zhvilluar strategji konsensuale dhe plan aksional për ballafaqim me ndryshimet klimatike dhe zbutje të efekteve të shkaktuara nga to. Në vijim është procesi i përpunimit të strategjive të edhe katër komunave, Bogovinë, Mavrovë-Rostushë, Vinicë dhe Studeniçan, ndërsa sot projektit do t'i bashkangjiten edhe komunat Prilep dhe Dellçevë", informoi Sllavkovski. Implementimi i projektit, shpjegoi ai, mundëson rritje të kapacitetev e komunale për aftësim ndaj ndryshimeve klimatike.

SHBA-ja përmes projektit të USAID-it për përgatitje të strategjive komunale për ballafaqim me ndryshimet klimatike, do të investojë 3.080.000 dollarë për aktivitete të ndryshme në komunat e zgjedhura.

## Tetova Sot - *Maqedonia dhe rajoni ende përballen me pasoja ekologjike, sociale e ekonomike si pasojë e motit të keq*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi hapi Konferencën e dytë ndërkombëtare për ndryshimet klimatike në Ohër. Kjo konferencë sipas tij organizohet në kohë të duhur pasi ...

## Almakos - *Maqedonia dhe rajoni ende përballen me pasoja ekologjike, sociale e ekonomike si pasojë e motit të keq*

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi hapi Konferencën e dytë ndërkombëtare për ndryshimet klimatike në Ohër. Kjo konferencë sipas tij organizohet në kohë të duhur pasi ...

## Макфакс -*Австралија финансира еколошки проект во општина Маврово – Ростуше*

МАКФАКС

### Австралија финансира еколошки проект во општина Маврово - Ростуше



Започна реализацијата на еколошкиот проект во општина Маврово - Ростуше за заштита на животната средина.

Проектот на невладината еколошка организација ЗОК од Ростуше со поддршка на Австралиската амбасада и општина Маврово Ростуше , со овој проект ќе извршат санација на локалната депонија, потоа ќе започне рециклирање на сметот, ќе се постават канти за отпад и клупи во повеќе туристички локации.

На средбата со заменик амбасадорката на Австралија Мелинда Рио и почесниот конзул на Австралија во Македонија Зоран Костовски со градоначалникот на Маврово Ростуше Мукрем Мехмеди, соговорниците оцениja дека општината Маврово Ростуше има потреба од повеќе вакви проекти бидејќи општината својата главна гранка го има туризмот.**/крај/мн**

Започна реализацијата на еколошкиот проект во општина Маврово – Ростуше за заштита на животната средина. Проектот на невладината еколошка организација ЗОК од Ростуше со поддршка на Австралиската амбасада и општина Маврово Ростуше, со овој проект ќе ...

## Точка - *Австралија финансира еколошки проект во општина Маврово – Ростуше*

Започна реализацијата на еколошкиот проект во општина Маврово – Ростуше за заштита на животната средина. Проектот на невладината еколошка организација ЗОК од Ростуше со поддршка на Австралиската амбасада и општина Маврово Ростуше, со овој проект ќе ...

## Fox.mk - *Австралија финансира еколошки проект во општина Маврово – Ростуше*

Започна реализацијата на еколошкиот проект во општина Маврово – Ростуше за заштита на животната средина. Проектот на невладината еколошка организација ЗОК од Ростуше со поддршка на Австралиската амбасада и општина Маврово Ростуше , со овој проект ќе ...